# 12-ти АМАТЕРСКИ ХУМАНИТАРЕН ВЕЛЕСЛАЛОМ

## ПОКАНА

Почитувани,
Ве известуваме дека од 21-ви до 23-ти Февруари, ќе се оддржи традиционалниот Дванаесетти Аматерски Хуманитарен Велеслалом, Маврово, 2014. Целта на донацијата од оваа Хуманитарна актиност се определивме да биде наменета за поддршка на пет годишниот Максим Димовски кој боледува од ретко генетско заболување (Schimelmuno Displasia Sindrom), болест која сеуште се истражува. Од ова ретко заболување, во моментов има само 6 живи заболени деца во светот. Едно од решенијата за продолжување на животот на Максим е пресадување на коскена срцевина, а потоа пресадување на бубрег. Операциите треба да бидат изведени на Универзитетската Клиника во Хајделберг и чинат околу 200 илјади евра.

Екипите е потребно да пријават по три аматерски скијачи, членови во машка или женска конкуренција кои ќе се натпреваруваат во соодветните категории. Право на учество имаат и оние кои активно (професионално) не се натпреварувале од 2004/2005 година.
Секоја екипа, учесник ќе има можност да постави свој банер на целната рамнина на која ќе се одвива Хуманитарниот Велеслалом.
Секоја компанија пожелно е да понесе знаме со лого (2m x 1m).

Оваа година регистрацијата на екипите ќе се врши електронски на следниот линк www.skimavrovo.com/Register

Со надеж дека и оваа година ќе ја прифатите нашата покана за овој хуманитарен настан, однапред Ви благодариме.
Со почит,
Ски Центар Маврово.